РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-32/1
03.01.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 47-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 25.12.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Алма Машовиќ (оправдано отсутна).

**На седницата беше присутен и д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Емилија Петревска Камењарова, Горан Радуновиќ, , Арџенд Џелили, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 47-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:40 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, Конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно, со 5 гласа „за" го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 46-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.12.2024 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 15-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.12.2024 година.
3. Предлог-годишен план за јавни набавки за 2025-та година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
4. Предлог-годишен план за проценка за ризици од корупција за 2025 година.
5. Предлог-годишен план за спречување на корупција за 2025 година.
6. Предлог-одлука за неуспешен јавен конкурс за доделување дозвола на подрачјето на општина Битола.
7. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на адвокатски услуги.

8. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за набавка под вредносните прагови на услуга – софтвер за евиденција на работното време при работа од далечина.
9. Разно.

**Точки 1 и 2**

Советот на Агенцијата од технички причини го одложи усвојувањето на предложените Записници од 46-та и 15-та Јавна седница. Причината за одложувањето беше недостаток на време за подготовка на Записниците.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го презентираше предлогот за донесување на Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за 2025 година. Таа објасни дека согласно член 75 став 1 од Законот за јавни набавки, по усвојувањето на Финансискиот план на Агенцијата за 2025 година, мора да се изготви и усвои Годишен план за јавни набавки. Овој план ќе ги опфати сите потреби на Агенцијата што треба да се реализираат во 2025 година, како што се стоки и услуги. Структурата на Годишен план е дефинирана согласно Правилникот за Годишен план за јавни набавки на Министерството за финансии. По усвојувањето на планот, истиот ќе биде објавен на Електронскиот систем за јавни набавки, а објавувањето треба да се случи најдоцна до јануари 2025 година. Митревска посочи и дека ако се појават потреби за дополнителни набавки во текот на годината, планот ќе може да се измени и дополнува, доколку има обезбедени средства во финансискиот план на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски посочи дека измените и дополнувањата на Годишниот план за јавни набавки не треба да се прават за време на избори, со оглед дека во 2025 година треба да се спроведат Локалните избори.

Г-дин Трајчев побара објаснување за Точка 24 од Годишниот план за јавни набавки – изнајмување на хардверски ресурси за обработка на модели на вештачка интелигенција. Праша дали воопшто е направена анализа со оглед дека станува збор за изнајмување, дали можеби треба да се купи. Посочи дека сепак станува збор за јавни пари кои треба оправдано да се трошат. Податокот дали има направена анализа за ваква оправданост е многу важен затоа што Советот треба да гласа за таква постапка.

Раководителката на Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска, потврди дека е направена анализа, со истражувања од неколку месеци. Наведе дека софтверот треба да има дополнителни модули и се преговара да биде финансиски поддржан делумно од Агенцијата и делумно од ИФЕС (Меѓународна фондација за изборни системи). Истакна дека ИФЕС и колегите од информатичкиот тим на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се согласиле дека е поисплатливо да се изнајмува софтверот отколку да се купи.

Г-дин Трајчевски објасни дека поисплатливо е изнајмувањето на хардверски ресурси за обработка на модели на вештачка интелигенција, бидејќи купувањето е многу поскапо и економски неисплатливо за Агенцијата.

Раководителката Љубевска рече дека изработената анализа од експертите со проценка колку ќе чини и податоците дека е економски поисплатливо изнајмувањето може да ја проследи до членовите на Советот.

Г-дин Трајчев рече дека го добил одговорот на неговото прашање од директорот и Службата дека одлуката за изнајмување на хардверските ресурси е економски оправдана и дека Агенцијата има направено анализа која ја потврдува оваа одлука.

Г-дин Фиданоски ја поддржа идејата за изнајмување хардвер, нагласувајќи дека во Европа веќе постојат конкретни софтверски решенија кои даваат одлични резултати во многу области. Тој се согласи со ставот дека изнајмувањето на хардвер е поевтино отколку неговото купување, додека одржувањето на софтверот е најважен аспект за успехот на проектот.

Раководителката Љубевска појасни дека купувањето на хардверски ресурси би било неисплатливо на долг рок, бидејќи хардверот ќе застари за само 5 до 7 години што би довело до високи трошоци за одржување.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за донесување на Годишниот план за јавни набавки во 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Годишен план за јавни набавки во 2025 година, да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точки 4 и 5**

По предлог на г-дин Петрушевски, поради нивната сличност во темите поврзани со спречување на корупцијата и управување со ризици, Советот на Агенцијата се согласи Точките 4 и 5 да се образложат во еден вовед, со поединечно гласање за секоја од нив.

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска ги образложи Предлог-годишниот план за проценка за ризици од корупција за 2025 година и Предлог-годишниот план за спречување на корупција за 2025 година. На почетокот ги објасни клучните аспекти од Планот за проценка на ризици од корупција за 2024 година. Објасни дека во планот беа идентификувани пет приоритетни области со најголем потенцијал за корупција: институционален интегритет, квалитет на работење, постапување по пријави за неправилности, јавни набавки и управување со судир на интереси. Документот вклучува и акциски план кој содржи мерки, активности, одговорни организациони единици, рокови за реализација, фискални импликации и проценка на ризиците. Нагласи дека се преземаат проактивни мерки за превенција и контрола на ризиците од корупција. Во однос на Годишниот план за спречување на корупција за 2025 година објасни дека ваков план Агенцијата носи од 2021 година. Планот е фокусиран на интегритетот и одговорноста на сите нивоа, вклучувајќи го Советот, раководителите и вработените. Главните мерки опфаќаат јавни набавки,

планирање на буџетот, управување со финансии, транспарентност во постапувањето по пријави од укажувачи, кадровска политика и етичко однесување. Документот дефинира индикатори за следење на реализацијата и финансиските импликации.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот да го донесе Годишниот план за проценка за ризици од корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Годишен план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за 2025 година да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да го донесе Годишниот план за спречување на корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Годишен план за спречување на корупција на Агенцијата за 2025 година да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска ја образложи Предлог-одлуката за неуспешен јавен конкурс за доделување дозвола на подрачјето на општина Битола. Објасни дека по спроведената Студија и по доставено известување од АЕК дека има слободна фреквенција, Советот донесе Одлука за објавување на јавниот конкурс. Одлуката беше објавена во Службен весник, и во рокот од 60 дена, кој почна да тече од наредниот ден на објавувањето на Одлуката во Службен весник, не беше доставена ниту една пријава. Од таа причина се предлага да биде донесена предложената Одлука.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за неуспешен Јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Битола, за програмски сервис говорно радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции, на македонски јазик, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации (АЕК), и тоа: 100.5 MHz., поради тоа што во утврдениот рок за поднесување пријави, заклучно до 16.12.2024г. во Агенцијата не беше примена ниту една пријава.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на адвокатски услуги. Објасни дека во текот на изминатиот период Агенцијата ангажирала две адвокатски канцеларии за стручна помош и поддршка во судски процеси кои произлегуваат од мерки кои ги носи Советот. Промената на претходната адвокатска канцеларија не била резултат на недостаток на стручност, туку поради конфликт на интереси. Нагласи дека соработката со оваа адвокатска канцеларија била многу успешна, истакнувајќи ја важноста на континуитетот во квалитетната правна поддршка, а износот на исплатите за нивните услуги бил значително понизок во споредба со слични институции, што беше оценето како разумен износ во контекст на финансиските средства на Агенцијата.

Советот на Агенцијата за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со 4 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Трајчев даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за набавка на адвокатски услуги за 2025 година.

За горенаведената набавка на адвокатските услуги, се одобруваат финансиски средства во износ од 500.000,00 денари (со вклучен ДДВ), кои се обезбедени во Финансискиот план на Агенцијата за 2025 година.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со субјектот кој ги исполнува бараните услови, ќе склучи договор со кој ќе се уредат меѓусебните односи на двете договорни страни.

**Точка 8**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување одлука за набавка под вредносните прагови на услуга – софтвер за евиденција на работното време при работа од далечина. Објасни дека во Колективниот договор на Агенцијата предвидено е вработените да имаат право да работат од далечина. За да се овозможи ова право потребно е да се обезбедат технички услови. За таа цел до Агенцијата беа доставени три понуди од кои една е предложена како финансиски најповолна за Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата да донесе одлука за набавка на услуга – софтвер за евиденција на работното време при работа од далечина, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавни набавки, во износ од 60.900,00 денари без ДДВ, односно вкупно во износ 63.945,00 денари со вклучен ДДВ.

Горенаведените средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

**Точка 9**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**